05

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
Управа за хидрометеоролошки работи
Drejtoria për punë hidrometeoroligjike
Бр.-Nr. 02-61/1
11-01 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКАТА ДЕЈНОСТ

**Период од 01.01.2021 до 31.12.2021**

Во 2021 година Управата за хидрометеоролошки работи ги извршуваше функциите определени со Законот за хидрометеоролошка дејност ("Службен весник на РМ", бр.103/08, 53/11, 51/15 и 149/15), Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2020 година( "Службен весник на РСМ", бр.14/21) и Програмата за изменување на програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2021 година (,, Службен весник на РСМ,, бр.257/21).Во делокругот на законски дефинираните надлежности на Управата во изминатиов период се спроведоа активности кои опфаќаа вршење на хидролошки и метеоролошки работи, развој и функционирање на хидрометеоролошкото бдеење, истражувања на атмосферата, почвата и водните ресурси, изготвување на временски прогнози и работи на примената на хидрологијата и метеорологијата во реалниот сектор. Во овој период Управата ги извршуваше и меѓународните обврски на Република Северна Македонија во областа на метеорологијата, хидрологијата и следењето на квалитетот на водите.

Во текот на 2021 година се реализираа следниве активности:

-редовно се доставуваа извештаи за состојбата со реките и природните езера до надлежните институции,

-редовно се доставуваа извештаи за хидролошката состојба во Република Северна Македонија за време на високите води,

-спроведени се мезометеоролошки мерења и набљудувања во Скопската котлина,

-редовно се издаваа прогнози на времето а по потреба се издаваа и вонредни прогнози за временската состојба во Републиката,

-спроведени се серии за мониторинг на квалитет на води во Република Северна Македонија ,

- беше спроведено авионско засејување на градоносни облаци.

Реализцијата на сите овие активности е финансирана од Буџетот на Република Северна Македонија преку буџетските сметки (637 и 631) и сметката за самофинансирачки активности(787).